romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ НА ONLINE КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за УЧЕСНИЦИ НА ONLINE КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК
Пријавените и селектирани лица ќе имаат можност да посетуваат бесплатен интензивен курс во период од најмногу три месеци по англиски јазик и да се стекнат со знаење и сертификат за познавање на Англиски јазик.

## Опис на активноста

Курсот по англиски јазик претставува можност за учениците Роми да учествуваат во интензивен Online крус во период од најмногу три месеци, со три пати неделно реализирани часови, и преку тоа да се стекнат со знаења и сертификат за познавање на англискиот јазик како неопходна квалификација за идно академско или професионално развивање и усовршување на учесниците.

## Цели на курсот по англиски јазик

- Да им помогне на учесниците да го утврдат нивното почетно знаење по англиски јазик, а потоа преку часовите да имаат можност за дополнителни знаења и усовршување на јазикот;
- Да се здобијат со знаења по англиски јазик што денес е неопходна вештина и знаење;
- Да добијат сертификат за успешно завршен курс и познавање на англиски јазик;
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, учениците да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

## Услови за учество и добивање на сертификат по англиски јазик

- Да се средношколци Роми запишани во јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија ;
- Да се во можност да присуствуваат на планираните Online часови;
- Да присуствувале на најмалку 90% од предвидените часови за да добијат сертификат за успешно завршен курс;

## Начин за пријавување за учество во курсот по англиски јазик

- **Пополнета електронска пријава** https://forms.gle/vk9tUeZDkBGuadpQ9 **најдоцна до 17 Мај (Недела) 2020**

## Селекција на кандидати

This Project is funded by the European Union

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union